**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К

## Од ТРИЕСЕТТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 20.07.2023 година

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2023 ГОДИНА**

**Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К**

**Од Триесеттата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 20.07.2023 година**

Седницата започна во 10:05 часот.

Седницата свикана врз основа на барање бр.09-5856/1 од 19.07.2023 година, поднесено од членот на советот кој го заменува Градоначалникот на Општина Гази Баба во случаи на спреченост или отсуство - м-р Иван Симоновски, ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Дваесет и деветтата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Дваесет и деветтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **20 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **20 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода.

Пред преминување на расправа и одлучување по точката од утврдениот дневен ред, беше соопштен ставот на статутарно-правната комисија од седницата одржана на 20.07.2023 година.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода, со **20 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Триесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **10:10** часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот